Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

# БИЗНИС ИНФО

99 години

Број 474 www.mchamber.mk 26.11.2021




## СО ЕУРОНИКЕЛ ЗА ПРОИЗВОДСТВОТО И ИЗВОЗОТ, СО ЈАНЧЕВ ЗА ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈАТА, СО НАУМОВ ЗА БИЗНИС КЛИМАТА

стр. 3

## СТАВ НА КОМОРАТА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ТЕСТИРАЊЕ НА НЕВАКЦИНИРАНИТЕ ЛИЦА ВО ПРИВАТНИОТ СЕКТОР

стр. 5



## ИНТЕРВЈУ











# ПОКРОВИТЕЛИ

## НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ПРЕМИУМ Покровители

Алкалоид Скопје · EVN · vitaminka · NLB Banka · GRANIT Building & Construction · IGM trade · T · · · МЕПСО Македонски електропреносен систем оператор · ECM Електрани на Северна Македонија · Gulf · Пекабеско · euro Nickel Industries · nextsense · VERO сè на едно место · Кожувчанка · Mermere Kombinat

## СТАНДАРД Покровители

ComfyAngel · ОКТА · Раде Кончар - Сервис (Сервис и поправка на електрични производи) · Rade Končar-TEP · A1 · seavus (www.seavus.com) · Zan Mitrev Clinic · Семос · Croatia osiguranje · Halkbank · Стопанска банка АД - Скопје (членка на NBG групацијата) На ваша страна · scalefocus · Де-Ни Мебел · cargo-partner · Life Is On Schneider Electric

## СИЛВЕР Покровители

Екстра Меин · Sparkasse Bank · Ultra! · SMELT-ING · Vezeshari · Lecker · elektro Shari · SOCOTAB Leaf tobacco · Swisslion · AllianceOne



достапни насекаде ...

**Посетете : www.mchamber.mk**

ISO 9001:2015

**Стопанската комора на Северна Македонија ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ со новиот стандард ISO 9001:2015**

http://www.facebook.com/chamber.mk

http://www.twitter.com/Chamber_MK

http://www.youtube.com/user/MKChamber

http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

АЗЕСКИ ВО ПОСЕТА НА КАВАДАРЦИ

# БЕЗ ПОЛИТИЧКИ КОНСЕНЗУС, ДРЖАВАТА НЕМА ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ



„Блиската соработка и редовна комуникација меѓу бизнис секторот и Стопанската комора на Северна Македонија е клучна во обезбедување што подобри услови за работа на компаниите, земајќи предвид дека Комората е гласноговорник на бизнис заедницата. Во таа насока, денеска на средбата со претседателот на Комората Азески и делегацијата на СКСМ која ја предводеше претседателот Азески, ги презентиравме нашите досегашни и тековни активности, но и идните планови кои вклучуваат сериозни инвестициски проекти, насочени пред сѐ кон енергетската и еколошката ефикасност, кои истовремено значат подобрување на процесните параметри и зголемување на нашата конкурентност", изјави Герасим Кујунџиев, прв генерален директор на Еуроникел Индустри.

На средбата беа разменети мислења и за ставовите, кои се заеднички за бизнис опкружувањето, дека клучни услови за раст и развој на компаниите, за подобрување на целокупната економска слика во државата се едноставна и ефикасна администрација, институционална поддршка, стабилен правен и судски

систем, напредна патна и енергетска инфраструктура и системски континуитет.

Претседателот Азески честитајќи му на менаџментот на Еуроникел за успешната работа и во услови на тешки кризи истакна дека металуршкиот комбинат како е 3-та на листата на топ 100 извозници во 2020-та година, со реализиран извоз од 182 милиони евра и остварени приходи од 188 милиони евра,... долгогодишна членка на Стопанската комора и се согласи со ставовите изнесени од г-динот Кујунџиев. При тоа, ја потенцира исклучително важната улога на Комората во поддршка на компаниите за постигнување на што повисок раст и профит и го убеди раководството на Еуроникел дека Комората е активно вклучена во процесите за изнаоѓање решенија за проблемите врзани со здравствената и енергетска криза.

Мојата колумна од почетокот на октомври ја отвори дебатата за кризата за енергетскиот ресурс и од тој момент до денес Комората е активна во сите процеси каде се води акција за обезбедување електрична енергија за што пониски цени. Така ќе продолжиме и понатака. Истото можам да го кажам и за имунизацијата и сакам да Ве уверувам дека Комората е еден од учесниците во разговорите и нема да дозволи да проблемот со вакцинирањето ги загрози процесите на економско заздравување во наредниот период, барајќи заедно со Владата и синдикатите најоптимално решение да не запрат производствените процеси и извозот но и да не се загрозува здравјето на останатиот персонал.

Делегацијата на стопанската комора оствари средба и со претседателот на Регионалната комора на Кавадарци при Стопанската комора Никола Наумов, сопственик на компанијата Градба Промет, градежна компанија која веќе 30 години успешно опстојува на пазарот. Со сопствена бетонска база, сепарација на песок и каменелом, целосно опремена за изведување и на најсложени градежни работи, има околу 220 специјализирани вработени, градежни инженери, архитекти и економисти.

Посетата, претседателот Азески ја искористи да му го честита новиот мандат на градоначалникот Јанчев, долгогодишен претседател на Регионалната комора во Кавадарци и еден од сопствениците на Кожувчанка, а на средбата беше акцентирано дека за бизнис секторот на локално ниво врвен приоритет е децентрализацијата како основен предуслов за локален економски развој.

# СТАВ НА КОМОРАТА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ТЕСТИРАЊЕ НА НЕВАКЦИНИРАНИТЕ ЛИЦА ВО ПРИВАТНИОТ СЕКТОРОР

Стопанската комора на Северна Македонија уште еднаш апелира во јавноста за предлогот како да се определи заштита на вработените во приватниот сектор во услови на сеуште актуелен ковид 19 вирус. Нашето барање, кое го доставивме и до Владата на РСМ на 15.11.2021 година, а имавме и прес конференција на 17.11.2021 е определување на задолжителна мерка за тестирање на невакцинираните вработени лица кој го немаат прележано вирусот Ковид 19 во последните 6 месеци.

Сакаме повторно да укажеме дека ставот на бизнис заедницата е вработените за време на извршување на работата мора да исполнуваат еден од условите за заштита од корона вирусот накратко наречен "ВПТ": вакцинација од вирусот, прележан COVID-19 или да се тестираат. За вработените кои не се вакцинирани или го немаат прележано вирусот да се предвиди воведување на задолжително тестирање најмалку еднаш неделно со брзи антигенски тестови, со само-тестирање или во државни или приватни дијагностички центри, како ќе одлучи работодавачот. Не случајно се предлагаат брзи антигенски тестови кои се значително поевтини од ПСР тестовите и се согласно искуствата и во другите земји.

Трошокот за тестирање со брзи антигенски тестови исклучиво треба да е на терет на работникот, за да се постигне подигнување на степенот на имунизација во пократок временски период и да се спречат мутациите на вирусот . Во спротивно, ваквиот трошок, за бизнис заедницата е непродуктивен, односно трошок без ефект кои во услови на пандеја, здравствена, економска и енергетска криза е неоправдан.

Во насока на реализација на спроведување на мерката на задолжително тестирање без истата да предизвика значителни материјални трошоци за работниците, а и поради ризикот од покачување на цените на антигенските тестовите во услови на зголемена побарувачка , бизнис заедницата предлага Владата на РСМ согласно Законот за трговија да донесе Одлука да ја определи највисоката цена (набавна односно увозна цена со оглед дека нема домашно производство зголемена за разумна маржа) за овој вид на тестови.

Ние како Стопанска комора на Северна Македонија, ќе упатиме повик до нашето членство, согласно барањата на синдикалните организации да овозможат за вработените кој ќе се вакцинираат 2 дена платено одсуство од работа.

Мора да се има предвид дека заеднички мора да работиме на подигнување на степенот на вакцинација, заради што и Комората спроведе и анализи и сериозни дискусии низ членството, со цел се спречат и мутациите на вирусот во што пократок период, и предлага мерката да стапи на сила што поитно, но да се даде период за можност невакцинираните лица кои се во работен однос да се вакцинираат.

# Одржан состанок на Групацијата за оружје, експлозивни и опасни материи, пиротехнички средства и за програма за воена и за цивилна намена со претставници на НБРСМ и на деловните банки




На иницијатива на компаниите членки на Групација за оружје, експлозивни и опасни материи, пиротехнички средства и за програма за воена и за цивилна намена при Стопанската комора на Северна Македонија, денеска се одржа состанок со претставници на Народната банка на Република Северна Македонија и на дел од деловните банки, на кој се истакнаа проблемите околу секојдневното работење со кои се соочуваат компаниите во тековното работење со деловните банки, а кои се однесуваат на одбивањето за кредитирање, издавањето банкарски гаранции, пречките на девизен платен промет, дури и на враќањето на веќе добиени дознаки од странство.

Состанокот го отвори г-ѓа Емилија Нацевска, вицегуврнер на НБРСМ, која ја истакна потребата од интегриран пристап на целокупната ваква работа, да се слушнат и да се согледаат проблемите на самите компании и да се изнајде решение за оваа високоризична дејност, за да се олесни работењето на самите компаниите.

Претседателот на Групацијата за оружје, г. Мангутов, во своето излагање истакна дека се работи за компаниите кои имаат одобрување за трговија и за производство на вооружување

и на воена опрема, според Законот за промет и за производство на вооружување и на воена опрема. Посочи дека оваа област е една од најрегулираните во светски рамки, бидејќи е проследена со повеќе меѓународно пропишани документи, како што се ЕУЦ (сертификат за краен корисник), извозни дозволи, увозни дозволи, транзитни дозволи итн., кои се издаваат од соодветен државен орган во секоја држава. Го истакна и тоа дека нашите компании членки во последните години, а особено сега, се судруваат со проблеми околу секојдневното работење со деловните банки, а тоа се однесува на одбивањето за кредитирање, издавањето банкарски гаранции, пречките на девизен платен промет, дури и на враќањето на веќе добиени дознаки од странство. Поради ваквите проблеми компаниите доаѓаат во критична фаза, која, покрај глобалната криза и недостигот од работа, предизвикува да губат и веќе договорени зделки, со што се доведува во прашање и нивната егзистенција.

Исто така, истакна дека овие компании, во крајна линија, работат и ја обезбедуваат одбраната на земјата, со увоз за потребите на министерствата за одбрана (МО) и за внатрешни работи (МВР). Во случај да има сомневање за работењето на фирмите, детално да ги побараат сите потребни документи, а не да ги враќаат приливите без знаење на компаниите за кои се наменети.

Г. Емил Димитровски, директор на Управата за наменско производство, кое е во рамките на Министерството за економија, истакна дека овие компании работат со најрегулирана дејност. За да можат да работат, прво мора да добијат согласност за производство, промет и за услуги, која ја дава Владата на РСМ, и, второ, да добијат дозвола за работа, која ја издава владина комисија составена од претставници на Министерството за одбрана, МВР, Министерството за економија и на Царинската управа и која е проверена и, доколку е сѐ законски, тогаш се издава дозволата и компанијата може законски да продолжи да работи

Од претставниците на деловните банки и на Управата за финансиско разузнавање на состанокот беше истакнато дека се работи за компании кои се занимават со наменско производство и кои работат високоризична дејност и дека и самите банки се претпазливи во своето работење. Најголем проблем за домашните банки е што се дел од странски банки мајки, а политиката на дел од странските банки е да не работат со клиенти кои се занимаваат со овие дејности, т. е. најголем дел од банките во Европската Унија имаат забрана за работење со вакви компании.

На крајот се заклучи дека, и покрај тоа што се работи за компании чија дејност е дозволена и високорегулирана во согласност со законските прописи, треба да се продолжи со комуникација и со меѓусебна соработка со деловните банки, за да се изнајде најдобро прифатливо решение за двете страни.

# ПРЕДВИДУВАЊАТА НА СОСТОЈБИТЕ НА ПАЗАРОТ НА ТРУД – УСЛОВ ЗА РАСТ И РАЗВОЈ НА КОМПАНИИТЕ



Современата економија брзо се менува како резултат на развитокот на новите технологии кои доведуваат до промена на начинот на производство во сите економски активности, од една страна, и на побарувачка за нови специфични вештини и квалификации што можат да се обезбедат преку образованието и обуката, од друга страна. Затоа е потребно, навреме да се оцени што може да се предвиди на страна на побарувачката и нејзино усогласување со понудата затоа што пазарот на труд е комплексен систем којшто вклучува различни компоненти на понуда и побарувачка. Прогнозирањето на состојбите на пазарот на труд значи да се обезбедат навремени информации за очекуваните промени во иднина, и на страната на понудата, и на страната на побарувачката на вештини и нивна размена со релевантни институции и тела.

Јакнењето на човечките ресурси во институциите за обезбедување на податоци и нивната размена беше причина Стопанската комора на Северна Македонија со поддршка на проектот „Образование за вработување" да организира две последователни обуки во октомври и ноември за преставници од коморите, министерството за образование и наука, министерствотото за труд и социјална политика, Агенцијата за вработување и организацијата на работодавачи.

Целта на првата обука на тема:„Подготовка за ефективно прогнозирање" беше да се презентира рамката за прогнозирање, потребните фази и елементи за ефективно прогнозирање на потребните вештини на пазарот на труд.

Целта на втората обука на тема: „Методи за прогнози на потребните вештини" беше да се презентираат соодветни ефикасни методи за прогноза на потребните вештини, со потребните фази, елементи и каратеристики на прогнозирињето на потребните вештини на пазарот на трудот.

По реализацијата на обуките ќе биде подготвен предлог концепт за споделување на информации помеѓу институциите, заради создавање бази на податоци што треба да бидат поставени во основата за прогнозирање на потребните вештини.

Предавач на обуката беше проф. д-р Благица Новковска, национален експерт за проценка и анализи на пазарот на труд и образованието.

# БАРАЊЕ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПОНУДИ за ЛОТ 1 угостителски услуги и за ЛОТ 2 услуги за патување и сместување за Проектот ГАЗЕЛИ

Стопанска комора на Северна Македонија спроведува постапка за прибирање понуди за вршење услуги и Ве поканува да доставите понуда за ЛОТ 1 угостителски услуги и за ЛОТ 2 услуги за патување и сместување за Проектот „Организирање на забрзан раст за потенцијалните иновативни МСП (мали и средни претпријатија) -„Газели" - (ИНТЕРРЕГ V-5) БАЛКАН МЕДИТЕРАНИАН 2014 – 2020.

Ве молиме да ни ја доставите вашата понуда за наведениот предмет најдоцна до 23.12.2021 година, до 15:00 часот, по пошта или на рака во архивата на Стопанската комора на Северна Македонија, (ул. „Димитрие Чуповски", бр. 13, 1000 Скопје), со назнака: понуда за Проектот "Organizing acceleration for high-potential innovative SME's"-"Gazelle"- (INTERREG V-B) BALKAN MEDITERRANEAN 2014-2020 и со назнака: „Не отворај" или „Да не се отвора" and/or "Not to be opened before the tender-opening session".

Со ова Барање ви ја доставуваме потребната документација која ги содржи сите информации кои ќе ви помогнат за изработка на вашата понуда.

**https://www.mchamber.mk/upload/79975_26.11.2021_II_TENDER_Organiz.Invest.forums-Gazelle_project.zip**

# ПО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ, СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МЕНАЏЕРИТЕ ЌЕ ИМ ГИ ПРЕНЕСУВА НАЈДОБРИТЕ БИЗНИС ПРАКТИКИ



Интервју на д-р Глигор Бишев, претседател на Советот за унапредување на високото образование и стратешки истражувања за мкд.мк

Во интервјуто за Мкд.мк, д-р Бишев говори за потребата од презентирање на успешните приказни, факторите и најдобрите практики кои водат до успех од страна на домашните и странски менаџери во насока на зголемување на ентузијазмот и мотивираноста за создавање нова генерација менаџери и претприемачи кои се подготвени да се справат со секој предизвик.

Тој како ментор на Програмата за менаџери претприемништво и лидерство вели дека на овие предавања ќе се зборува за перспективите за иновации, знаења и развој на нови услуги и институции кои се од директна корист за компаниите. Обуката почнува на 9 декември, а ќе трае до почетокот на јуни 2022 година.

Предавачи се 30-тина реномирани претставници од бизнис секторот, академската и научната фела кои ќе пренесат практични искуства.

Осумте модули од оваа Програма треба да го поткрепат слушателот со една општа менаџерска култура која треба да ја има современиот менаџер. Слушателите ќе се стекнат со знаење и вештини потребни за секојдневното тековно работење на компанијата.

Целото интервју на д-р Глигор Бишев, генерален извршен директор на „Шпаркасе Банка“ АД Скопје, претседател на Советот за унапредување на високото образование и стратешки истражувања во Стопанската комора на Северна Македонија и ментор на Програмата за менаџери – претприемништво и лидерство, можете да го прочитате на следниот линк: Интервју на д-р Глигор Бишев за Мкд.мк.

# ПРИЈАВЕТЕ СЕ ЗА 6 МЕСЕЧНАТА ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА МАЛИ И СРЕДНИ БИЗНИСИ-ИНТЕРВЈУ СО РИСТО ЈАНЕВСКИ




Во интервјуто за Плусинфо.мк, Ристо Јаневски зборува за она што ќе го добијат слушателите на предавањата во рамки на Програмата за развој на мали и средни бизниси што ја организира Советот за унапредување на високото образование и стратешки истражувања кој е еден од четирите совети неодамна формирани од Стопанската комора на Северна Македонија. Целта на овие нови коморски тела е да се отворат перспективи за иновации, знаења и развој на нови услуги и институции кои се од директна корист за компаниите. Школата за развој на мали и средни бизниси започнува на 9 декември а ќе трае до почетокот на јуни 2022 година. Предавачи се 30-тина реномирани претставници од бизнис секторот, академската и научната фела кои ќе пренесат практични искуства.

Осумте модули од оваа Програма треба да го поткрепат слушателот со една општа менаџерска култура која треба да ја има современиот менаџер. Слушателите ќе се стекнат со знаење и вештини потребни за секојдневното тековно работење на компанијата.

Целото интервју на Ристо Јаневски, директор за стратешко планирање и развој во ОКТА АД Скопје, претседавач на Собранието на Стопанската комора на Северна Македонија, претседател на Здружението за енергетика при Комората и ментор и предавач на Програмата за развој на мали и средни бизниси во рамките на Советот за унапредување на високото образование и стратешки истражувања, можете да прочитате на следниот линк: Интервју на Ристо Јаневски за Плусинфо.мк

# ПРЕКУ НОВИТЕ СОВЕТИ СКСМ ЌЕ ЈА ЈАКНЕ КОНКУРЕНТНОСТА НА КОМПАНИИТЕ



Со конституирањето на четири нови совети завршува процесот на суштинска трансформација на Стопанската комора на Северна Македонија (СКСМ) наречен „Комора на иднината" во пресрет на 100 - годишнината од нејзиното постоење.

Д-р Јелисавета Георгиева Јовевска, потпретседател на Стопанската комора на Северна Македонија и проектен менаџер за развој на Советите за „Фокус" појаснува дека се анимирале неколку 100-тини нови бизнисмени и научни работници коишто ја прифатиле понудата да се придружат кон овие совети и на тој начин да помогнат на сите, на компаниите на Комората, и на Државата во градење на иднината. Крајниот резултат треба да биде сосема нов концепт на високото и средното образование кое ќе формира кадри, потребни на бизнисот, кои ќе ги отворат процесите на дигитализација, индустриски дизајн, телекомуникации како и формирање на берза на трудот, доследно имплементирање на системот на дуално образование и подигнување на капацитетите на арбитражата, медијацијата и судот на честа. Георгиева Јовевска вели дека реализирање на зацртаните заложби и афирмација на новите вредности имаат една цел-да се креираат нови услуги согласно потребите на компаниите.

-Во рамките на Советот за високо образование и стратешки истражувања, креиравме неколку Програми од кои со две стартуваме на 9 и 10 декември оваа година, со Програмата за страрт ап бизниси стартуваме од крајот на јануари 2022 година а со Школата за извоз започнуваме од месец ноември 2022 година, појаснува за „Фокус", Георгиева Јовевска.

Така првите две, односно шестмесечната Школа за создавање бизнис лидери започнува на 09 декември 2021 година а ќе трае до мај 2022 година. Станува збор за уникатна програма

наменета за среден менаџмент од големи и средно големи компании, кои преку 7 модули ќе стекнат практични знаења и искуства споделени од 50-тина реномирани домашни и странски предавачи од бизнисот и науката.

Втората, шестмесечната Школа за развој на мали и средни бизниси исто така започнува на 09 декември 2021 година, а ќе трае до јуни 2022 година. И тука станува збор за уникатна програма а истата е наменета за виш менаџмент од мали и средни компании, кои преку 8 модули ќе стекнат практични знаења и искуства споделени од 30-тина реномирани домашни и странски предавачи од бизнисот и науката.

-Предавачи и членови на Програмските одбори во сите модули ќе бидат најуспешните менаџери и научни работници од нашата држава претставени во органите и телата на Комората, како и многу други успешни личности, пред се од бизнисот, кои зад себе оставаат и прикажуваат резултати во работењето, вели таа.

- Напорно работевме со претседателот на Советот за унапредување на високото образование и стратешки истражувања, д-р Глигор Бишев и со претставници од бизнис секторот, претставници од универзитетите и другите институции да ги направиме овие Програми. Сметам дека слушателите ќе бидат задоволни од предавачите и темите што ќе им бидат презентирани. Се потрудивме да донесеме квалитетни предавачи со големо искуство кои се дел од многу успешни компании и институции и кои на слушателите ќе им пренесуваат практични искуства и знаења. Нашата определба е сите овие Програми да се надополнуваат, да се вклучуваат нови предавачи кои на слушателите ќе им презентираат најактуелни теми. Ги покануваме сите заинтересирани компании да ги пријават своите кандидати и да бидат први слушатели на програмските содржини кои ветуваат квалитет, подвлекува во интервјуто Георгиева Јовевска.

Целото интервју на д-р Јелисавета Георгиева Јовевска, потпретседател на Стопанската комора на Македонија и проектен менаџер за развој на Советите можете да го прочитате на следниот линк: Интервју на Георгиева Јовевска за Фокус.мк




# ПРИЈАВЕТЕ СЕ ЗА 6-МЕСЕЧНАТА ПРОГРАМА ЗА ПРЕТПРИЕМНИШТВО И ЛИДЕРСТВО

Заради ефикасно остварување на специфичните интереси на приватниот сектор во насока на унапредување на компетенциите и вештините на високообразовните кадри во согласност со потребите на бизнисот, во Стопанската комора на Северна Македонија од неодамна функционира Совет за унапредување на високото образование. Овој Совет има три приоритетни цели кои се состојат во развивање и унапредување на три програми:

Клуб на менаџери-претприемништво и лидерство - со едукативни и други настани кои ќе се реализираат преку воспоставување Школа на бизнис-лидери (почеток 9 декември 2021 година),

Развој на мали и средни бизниси и старт ап бизниси - со едукативни и други настани кои ќе се реализираат преку воспоставување Модул за развој на мали и средни бизниси како и Модул за развој на старт ап бизниси (почеток на Модулот за мали и средни бизниси на 9 декември 2021 година) и

Институт за извоз - со едукативни и други настани кои ќе се реализираат преку воспоставување Школа за продуцирање кадри за зголемување на извозот, со крајна цел формирање Институт за извоз (активностите за Изработка на студија за извоз и Платформа за извоз почнуваат во јануари 2022 година додека со Модулот за зголемување на вештините за извоз се започнува од 1 ноември 2022 година).

Со големо задоволство Ве покануваме да бидете слушатели на Првата 6 месечна Програма во рамките на Клубот на менаџери-претприемништво и лидери која започнува на 9 декември 2021 година а која е планирано да заврши на крајот на месец мај 2022 година.

Целна група на Програмата: претставници на среден менаџмент од големи и средно-големи компании.

Предавачи: 50-тина реномирани претставници од бизнис секторот, академската и научна фела со акцент на пренесување на практични ускуства. Предвањата се замислени така да сите модули имаат на почетокот краток теоретски вовед на секоја поттема, потоа следат предавања со практични примери, искуства и менторски пристап од страна на предавачите. Секој модул има свој ментор и на предавањата ќе има голем дел интерактивност и вежби по најнови европски и светски пристапи.

Секој Модул трае по 9 часа од кои последните 2 часа се наменети за дискусија и прашања.

На дадениот линк можете да ги преземете Програмата на Клубот на менаџери-претприемништво и лидери разработена по модули, теми и предавачи.

Контакт лице: д-р Јелисавета Георгиева-Јовевска, Телефон: 02 3244030, моб: 070 234 273,

Е-адреса: jelisaveta@mchamber.mk




# ПРИЈАВЕТЕ СЕ ЗА 6-МЕСЕЧНАТА ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА МАЛИ И СРЕДНИ БИЗНИСИ

Заради ефикасно остварување на специфичните интереси на приватниот сектор во насока на унапредување на компетенциите и вештините на високообразовните кадри во согласност со потребите на бизнисот, во Стопанската комора на Северна Македонија од неодамна функционира Совет за унапредување на високото образование. Овој Совет има три приоритетни цели кои се состојат во развивање и унапредување на три прогами:

- Клуб на менаџери-претприемништво и лидерство - со едукативни и други настани кои ќе се реализираат преку воспоставување Школа на бизнис-лидери (почеток 9 декември 2021 година),
- Развој на мали и средни бизниси и старт ап бизниси - со едукативни и други настани кои ќе се реализираат преку воспоставување Модул за развој на мали и средни бизниси, како и Модул за развој на старт ап бизниси (почеток на Модулот за мали и средни бизниси е на 9 декември 2021 година) и
- Институт за извоз - со едукативни и други настани кои ќе се реализираат преку воспоставување Школа за продуцирање кадри за зголемување на извозот, со крајна цел формирање Институт за извоз (активностите за Изработка на студија за извоз и Платформа за извоз почнуваат во јануари 2022 година додека со Модулот за зголемување на вештините за извоз се започнува од 1 Ноември 2022 година).

Со големо задоволство Ве покануваме да бидете слушатели на Првата 6 месечна Програма за развој на мали и средни бизниси која започнува на 9 декември 2021 година, а која е планирано да заврши на 10 јуни 2022 година.

Целна група на Програмата: Виш менаџмент на малите и средните бизниси.

Предавачи: Повеќе од 30-тина реномирани претставници од бизнис секторот, академската и научна фела со акцент на пренесување на практични искуства. Предвањата се замислени така што сите модули имаат на почетокот краток теоретски вовед на секоја подтема, потоа следат предавања со практични примери, искуства и менторски пристап од страна на предавачите. Секој модул има свој ментор и на предавањата ќе има голем дел интерактивност и вежби по најнови европски и светски пристапи.

На дадениот линк можете да ги преземете Програмата на Клубот на менаџери-претприемништво и лидери разработена по модули, теми и предавачи.

Контакт лице: м-р Антонета Манова Ставреска, Телефон: 02 3244060,

Е-адреса: antoneta@mchamber.mk


video
example
software
easily
participant
electronic
time
information
teaching
courses
term
online
education
social
content
objects
assessment
web
example
student
online
E-LEARNING
knowledge
computers
internet software
support
virtual
electronic
system
work
assessment
classroom
system
cost
elearning
example
devices
video

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси



Семинар
29.11.2021

# КАДРОВСКО ЕКИПИРАЊЕ – СТРАТЕГИЈА ЗА ГРАДЕЊЕ НА РАБОТНА СИЛА ВО ОРГАНИЗАЦИЈАТА

Во фокусот на овој семинар е политиката на кадровско екипирање во компаниите која се занимава со избор на вработени за конкретни работни места. Првото ниво е насочено кон селекција на поединци кои ги имаат потребните квалификации за извршување одредена работа. Во второто ниво пак, политиката на кадровско екипирање треба да претставува инструмент за развој и унапредување на корпорациската култура.

Компаниите кои спроведуваат транснационални и глобални стратегии имаат големи потреби за цврста унифицирачка култура, а таа потреба е важна и за оние кои спроведуваат меѓународна стратегија, како и за компаниите кои спроведуваат мултидомашна стратегија. Кога станува збор за организациите кои спроведуваат транснационална и глобална стратегија, неопходно е функцијата на управување со човечки ресурси да посветува значително внимание на селекцијата на поединци кои не само што ги имаат потребните квалификации за извршување конкретна работа, туку кои "одговараат" на доминантната култура во компанијата.

Денес, во време на постојани промени, рецесии и висока конкурентност, секој работодавач мора да ги преземе сите активности со цел да го избере најсоодветниот работник за работното место кое го нуди. Целта е организациите сè повеќе да го препознаваат создавањето вредност што може да се случи преку кадровско екипирање и стратегија за градење на работна сила во организацијата.

Предавачи:

- Д-р Марија Апостолова Николовска, професор во областа на андрагогија, образование и човечки ресурси.
- М-р Марија Карапанчева, магистер по менаџмент на човечки ресурси

**Контакт лица:**

**м-р Анита Митревска**
**++ 389 2 3244057**
**anita@mchamber.mk**

**м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова**
**++ 389 2 3244074**
**beti@mchamber.mk**

Саем
01.12.2021 - 04.12.2021

# 27. ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН САЕМ ВО ТИРАНА - „27.Tirana International Fair“

Стопанската комора на Северна Македонија, во соработка со „Klik Ekspo Group“, ве поканува да бидете дел од 27. Интернационален саем во Тирана, што ќе се одржи во периодот од 01-04 декември 2021 година во просториите на Конгресната палата во Тирана, Р. Албанија.

Овогодинешниот саем има за цел да биде уникатен настан, поделен помеѓу светот што го знаевме до сега и оној што ќе го избереме утре. За таа цел, хибридната форма на настанот, освен во живо, преку виртуелни платформи ќе овозможи поврзување на светските индустри, со директно презентирање на изложените производи на штандовите и директна комуникација со претставниците присутни на саемот. Покрај тоа, во специјално креираните деловни простории на саемот, учесниците ќе имаат можност да остварат деловни средби со компании од нивен интерес, да разменат информации и да ги презентираат своите производи и услуги.

Со својата нова форма на организирање, во фокус на овогодинешниот саем ќе бидат: Секторите коишто најмногу беа погодени од пандемијата: туризам и угостителство, уметност и музика, организатори на настани, мали и средни претпријатија и занаетчии; Најсовремените сектори: здравство и медицина, безбедност на храна, грижа за клиентите во сите сектори, информатичката технологија и новите ефикасни комуникациски решенија; Градежништво, енергетика, транспорт, и др.

**Стопанската комора на Северна Македонија ги поканува сите заинтересирани компании да се пријават за учество на Саемот на долунаведениот контакт, најдоцна до првата недела од месец ноември (01-05) 2021 година.**

**Контакт лица:**

**м-р Сања Николова**
**++ 389 2 3244091, М. 071 230 452**
**sanja@mchamber.mk**

Семинар
07.12.2021

# Хемиски штетности, влијание врз здравје и ризици на работно место, со посебен осврт на превентивните и корективни мерки при користење на технички и медицински гасови

Многу занимања ја вклучуваат употребата и/или производстото генерацијата на хемиски супстанци кои можат да бидат штетни за здравјето на професионално изложените работници. Спектарот на ефектите врз здравјето се движи од релативно благи симптоми до сериозни оштетувања и болести, од кои некои завршуваат со траен инвалидитет, неспособност за работа, па дури и смрт.

Ефективното управување со професионалните ризиците на работните места при изложеност на хемиски супстанци е клучно за креирање на здрави работни места, превенција на професионалните болести и унапредување на здравјето на работниците. Ваков пристап претставува придобивка не само за компаниите и нивните работодавачи, туку и за работниците и целата заедница. Законот за безбедност и здравје на работа, како и Правилникот за  минимални барања за безбедност и здрваје при работа на вработените од ризици поврзани со изложување на хемиски супстанци се основните алатки со кои се дефинираат правата и обврските на сите засегнати страни во процесот за управување со ризиците предизвикани од хемиски супстанци. Нивната практична имплементацијата бара соодветна инфраструктура, но и соодветно знаење и искуство на професионалците кои работат во оваа област. Тоа знаење и искуство тие треба да го вградат во хиерархијата на превентивни мерки, што треба да овозможи минимизирање и/или елиминирање на веројатноста за професионална изложеност на хемиски супстанци и нивно штетно влијание врз здравјето и работната способност на професионално експонираните работници.

**Предавачи:**

1.Проф.Др Елисавета Стикова  – ЈЗУ Институт за јавно здраве,

2.Дејан Димзовски, Дипл. Маш. инж., ТГС " Технички гасови "

3.Марија Сарамџиевска и Марина В. Ковачевска , Дворник ДОО Производство и продажба на лична заштитна опрема

**Контакт лица:**

**м-р Анита Митревска**
**++ 389 2 3244057**
**anita@mchamber.mk**

**м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова**
**++ 389 2 3244074**
**beti@mchamber.mk**

Семинар
14.12.2021

# Управување со медицински отпад

Стопанската комора на Северна Македонија, на 14 декември 2021 година, организира еднодневна онлајн семинар на тема: „Управување со медицински отпад“.

На онлајн семинарот ќе биде детално и практично разгледани актуелните законски измени, почнувајќи од условите и методите за неговото спроведување, сé до последователните дејствија и практичната примена на истиот. Особен акцент ќе се стави на информирање на слушателите за важноста на подготовката и примената на процедурите. На семинарот ќе има интерактивен пристап и ќе понуди практични одговори на прашањата на слушателите и ќе овозможи тие да се стекнат со вештини за правилно да ги применуваат законските одредби од оваа област.

ПРОГРАМА:

- Управување со медицински отпад
- Законска регулатива;
- Дел од регулативата која го регулира управувањето и третманот на медицинскиот отпад;
- Структура и класификација на медицинскиот отпад.
- Фази(процеси) на оправување со медицински отпад
- Безбедно управување со медицински отпад;
- Упатство за управување со медицински отпад.

**Предавач:**

- доц. д-р Миле Јакимовски - национален координатор на стратегијата за управување со медицински отпад и поранешен директор на Управата за животна средина при министерството за животна средина и просторно планирање.

**Контакт лица:**

**м-р Анита Митревска**
**++ 389 2 3244057**
**anita@mchamber.mk**

**м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова**
**++ 389 2 3244074**
**beti@mchamber.mk**

**Саем 28.02.2022 - 02.03.2022**

# Саем 28.02.2022 - 02.03.2022 Саемска манифестација: „International Food and Drink Event (IFE)“ Лондон,




Стопанската комора на Македонија, во соработка со Министерството за надворешни работи на РСМ и со Амбасадата на РСМ во Лондон, ве поканува да учествувате на претстојниот саем Internatonal Food and Drink Event (IFE), кој ќе се одржи од 28 февруари до 2 март 2022 година во Саемскиот центар „Лондон ExCel“.

Поради условите што се наметнати од пандемијата предизвикана од КОВИД 19, настанот (првично предвиден за март 2021 година) се презакажува за нов датум – од 28 февруари до 2 март 2022 година.

Настанот претставува одлична можност за презентација на македонските производители на храна и на пијалаци во Обединетото Кралство и пред другите странски иновативни и глобални производители и купувачи кои ќе бидат присутни.

Предности зошто да учествувате на саемот

**Учество на 1000 малопродажни купувачи**.

**Сериозност во деловните потфати**.

**Седум настапи во еден**.

**IFE е единствената трговска изложба за храна и за пијалаци поддржана од Владата на Велика Британија**.

Сите заинтересирани учесници за саемот, со пријава и со резервација на штанд до 18 декември 2020 година, ќе добијат повластени цени и добра локација на штандот.

**Контакт лица:**

**Васко Ристовски**
**++ 389 2 3244014**
**vasko@mchamber.mk**

**м-р Сања Николова**
**++ 389 2 3244091, М. 071 230 452**
**sanja@mchamber.mk**

СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER
OF NORTH MACEDONIA

# ЦЕНТАР ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ ВО ПРОИЗВОДСТВОТО И УСЛУГИТЕ




## НАША ЦЕЛ

- давање поддршка за имплементирање на меѓународните стандарди со цел полесен пристап на фирмите на европските пазари и зголемување на деловната активност со партнерите,
- обезбедување на ажурирани податоци и информации од областа на квалитетот, стандардите , а од интерес на фирмите,
- унапредување на знаењата и искуствата со цел подобрување на перформансите на работењето на фирмите

**Контакт:**
Емилија Тодоровска
Телефон: +389 02 3244047
Факс: + 389 02 3244088
emilija@mchamber.mk
www.mchamber.mk

Стопанска Комора  на Северна Македонија
ул.”Димитрие Чуповски” бр. 13
Скопје , Република Северна Македонија

## НАШИ АКТИВНОСТИ

**Консултантски услуги** за :
- имплементација на Систем за управување со квалитет согласно **ISO 9001:2015**;
- имплементација на **HACCP** (систем за анализа на ризици и критични контролни точки);
- имплементација на Систем за управување со безбедна храна согласно **ISO 22000:2018**;
- имплементација на Систем за управување со животната средина согласно **ISO 14001:2015**;
- имплементација на **HALAL стандард**;
- имплементација на Систем за управување со здравје и безбедност при работа, согласно **ISO 45001:2018.**

# СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

**Посетете:**
**www.mchamber.mk**

**Ве очекуваме!**

http://www.facebook.com/chamber.mk

http://www.twitter.com/Chamber_MK

http://www.youtube.com/user/MKChamber

http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

99

години

Основана 1922

Стопанска комора на Северна Македонија
ул. „Димитрие Чуповски“ 13, Скопје
тел.: (02) 3244000, факс: (02) 3244088